**20220030033**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 132 став (2) од Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 180/2019 и 103/2021) и 164 став (4) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 103/2021) , а во врска со членот 47 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/2019), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница одржана на ден 22.12.2021 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за сторител на прекршок, правно лице или физичко лице и одговорно лице во правното лице се печати на хартија со бела боја во А4 формат со меморандум на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Формата и содржината на прекршочниот платен налог е дадена на Образец број 1 кој е составен дел овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1289/7
27 декември 2021 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Максуд Али,** с.р.

**Образец број 1**

Република Северна Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

## П Р Е К Р Ш О Ч Е Н  П Л А Т Е Н  Н А Л О Г

| **1. Податоци за сторителот на прекршокот** | |
|---|---|
| Име и презиме/назив на правно лице | |
| Адреса /седиште/држава | |
| МБГ/ЕДБ | |
| Број на лична карта/патна исправа/државјанство | |
| Податок за позиција/функција во правното лице | |

| **2. Податоци за сторениот прекршок:** | |
|---|---|
| Датум и време на сторување | |
| Место на сторување | |
| Краток опис на прекршокот | |

| | |
|---|---|
| Правна квалификација | |
| Износ на утврдена глоба | |
| Број на сметка за плаќање глоба | |

| **3. Правна поука** |
|---|
| Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена на прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во определениот рок овластеното лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка. |

Сторител на прекршок: Овластено лице: